**20251012238**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на Македонскиот јазик,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 15 мај 2025 година.

Бр. 08-2824/1<br>15 мај 2025 година<br>Скопје

Претседател на Република<br>Северна Македонија,<br>**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател<br>на Собранието на Република<br>Северна Македонија,<br>**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Член 1

Во Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 21/24 и 14/25), во член 22 во ставот (1) зборовите: „со својство на правно лице“ се бришат.

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 2

По членот 22 се додава нов член 22-а, кој гласи:

„Член 22-а

(1) Со работата на Инспекторатот раководи директор.

(2) Директорот на Инспекторатот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(3) За именување на директорот на Инспекторатот Владата на Република Северна Македонија објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден на весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Директорот на Инспекторатот има мандат од четири години и може повторно да биде именуван само уште еден мандат.“.

Член 3

Во член 23 точката 5) се менува и гласи:

„поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга;“.

Член 4

Членот 24 се менува и гласи:

„Директорот своите надлежности ги извршува во согласност со членот 30 од Законот за инспекциски надзор.“.

Член 5

По членот 24 се додава нов член 24-а, кој гласи:

„Член 24-а

(1) Мандатот на директорот на Инспекторатот му престанува на негово лично барање, односно оставка поднесена во писмена форма и по сила на закон во еден од следниве случаи:

- ако кај него настанала трајна или привремена неспособност за непречено вршење на функцијата подолго од шест месеци или настанала смрт и
- ако се стекне со услови за остварување на правото на старосна пензија.

(2) Директорот на Инспекторатот може да биде разрешен од Владата на Република Северна Македонија, пред истекот на мандатот за којшто е именуван, во еден од следниве случаи:

- ако не работи и не постапува според овој и друг закон и актите на Инспекторатот и
- ако со своја несовесна и неправилна работа предизвика нарушување во вршењето на работите на Инспекторатот и причини штета.

(3) Ако е истечен мандатот на директорот или предвреме е разрешен, Владата на Република Северна Македонија ќе именува вршител на должноста директор.

(4) Вршителот на должноста директор има мандат до именувањето нов директор на Инспекторатот, но не подолго од три месеци.“.

Член 6

Членот 26 се брише.

Член 7

(1) Министерството за култура и туризам во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон е должно да ги усогласи актите за внатрешна организација и систематизација на Министерството за култура и туризам со одредбите од овој закон.

(2) Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик по усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на Министерството за култура и туризам со одредбите од овој закон, ќе започне со работа како орган во состав на Министерството за култура и туризам.

Член 8

Директорот на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.